# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОПАТОЛОГИЈА“ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП, ОД ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ И АСС. Д-Р ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВСКА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-58/9 од 107. редовна седница на Наставно - научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 16.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Илија Каров**,** редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Душан Спасов, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИКУМ ПО ФИТОПАТОЛОГИЈА”** од **проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОПАТОЛОГИЈА” од проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Фитопатологија, кој се изучува како задолжителен предмет на студиите од првиот циклус на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во трета година, шести семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2 и носи 8 кредити, вкупно 216 кредити. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот ракописот***

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на практикум за вежби по предметот Фитопатологија, е претставен во текст од вкупно 120 страници, со 69 слики од кои поголем дел се направени од авторите и научниот тим на лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Заштита на животната средина за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Учебно помагало (практикум за вежби) што обработува иста содржина на УГД досега не е објавен. Нормално, материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во другите скрипти од биолошките науки, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично дело.

***Краток опис на содржината***

Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во дванаесет вежби и тоа:

- ВЕЖБА 1. Основни правила на работа во Лабораторија за заштита на растенијата;
- ВЕЖБА 2. Карактеристики на фитопатогените габи;
- ВЕЖБА 3. Методи на изолација и идентификација на габите; ПРАКТИЧНА РАБОТА: ИЗОЛАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ГАБИТЕ;
- ВЕЖБА 4. Карактеристики на фитопатогените бактерии;
- ВЕЖБА 5. Методи на изолација и идентификација на фитопатогените бактерии; ПРАКТИЧНА РАБОТА: ИЗОЛАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА БАКТЕРИИТЕ;
- ВЕЖБА 6. Карактеристики на моликутите - фитоплазмите и спироплазмите;
- ВЕЖБА 7. Методи на изолација и идентификација на фитоплазмите; ПРАКТИЧНА РАБОТА: ИЗОЛАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ФИТОПЛАЗМИТЕ;
- ВЕЖБА 8. Карактеристики на фитопатогените вируси;
- ВЕЖБА 9. Симптоматологија;
- ВЕЖБА 10. Болести на житните култури;
- ВЕЖБА 11. Болести на виновата лоза и овошките;
- ВЕЖБА 12. Болести на градинарските култури.

Во ВЕЖБА 1 е даден краток вовед за поимот за лабораториската работа, основните правила и принципи при лабораториска работа. Авторите даваат и кратко објаснување за значењето на предметот како научна дисциплина, грижата и внимателноста при лабораториската работа.

ВЕЖБА 2 дава детален опис за карактеристиките на фитопатогените габи, нивните генерални микроскопски одлики, преку богат преглед со слики од изгледот и градбата на фитопатогените габи.

ВЕЖБА 3 ги обработува практичните примери и детална анализа за изведување на лабораториските вежби и работа со фитопатогените габи. Практичното помагало дава можност за запис и шематизирање на практичната лабораториска работа, преку оставен простор за шематски приказ.

ВЕЖБА 4 дава детален опис за карактеристиките на фитопатогените бактерии, нивните генерални одгледувачки одлики, преку богат преглед со слики од изгледот и градбата на фитопатогените бактерии.

ВЕЖБА 5 ги обработува практичните примери и детална анализа за изведување на лабораториските вежби со фитопатогените бактерии.

ШЕСТОТО ПОГЛАВЈЕ обработува една карактеристична група на патогени (фитоплазми), кои сè повеќе стануваат актуелни и присутни кај различни земјоделски култури на ниво на Република Македонија. Дадени се автентични слики од наши локалитети со карактеристични симптоми од фитоплазматска природа.

СЕДМАТА ПРАКТИЧНА ВЕЖБА ги вклучува лабораториските методи и техники на изолација и детерминација на фитоплазмите.

ОСМОТО ПОГЛАВЈЕ дава детален опис на можностите за зачувување на биоразновидноста. Се работи за програми на меѓународно ниво кои дејствуваат на децентрализација и ефикасноста кон зачувување на биоразновидноста.

ДЕВЕТТОТО ПОГЛАВЈЕ дава детален опис за карактеристиките на фитопатогените вируси, нивните генерални карактеристики, преку богат преглед со слики од обликот и градбата на фитопатогените вируси.

Во ВЕЖБА 9 е опфатен преглед на различни симптоми кај растенијата преку сликовит приказ и просторен дел за запис од практично изведените вежби.

ВЕЖБИТЕ 10, 11 и 12 даваат сликовит и детален опис на болести по култури, житни култури, винова лоза и овошки, со преглед на дел од болестите со автентични фотографии и просторен дел за запис од поминатиот практичен дел.

**З А К Л У Ч О К**

Материјата обработена во ракописот од учебното помагало со наслов „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОПАТОЛОГИЈА“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Фитопатологија за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практично помагало, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни сликовити прегледи како основа за полесно совладување на материјалот од предавањата и вежбите по предметот. Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации.

Врз основа на деталниот преглед и анализа на учебното помагало, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОПАТОЛОГИЈА” од проф. д-р Саша Митрев  и асс. д-р Емилија Костадиновска да биде издаден како учебно помагало – практикум за вежби за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Илија Каров, с.р.**
**Проф. д-р Душан Спасов, с.р.**